Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден дневните настани 29.03.2022

Денеска (29.03.2022) во 00.45 и 01.00 часот на подрачјето на Горне Петров во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ф.С.(26) и К.Ч.(36), двајцата од Скопје. При претрес во домот на Ф.С., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кокаин, марихуана и дигитална вага. Дадека, при преглед на патничко возило „конда", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал К.Ч., била пронајдена и одземена марихуана.Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 28.03.2022 од страна на полициски службеници на СВР Струмица расчистен е неколку кривични дела „измама" извршени на подрачјето на СВР Струмица, при што е утврдено дека стоката е Б.А. од Скопје, кој во моментов е на издржување затворска казна затвор во затворот во Идризово. Имено, истиот ден, управникот на угостителскиот објект во Струмица, пријавил дека едно лице, кое телефонски се претставило како претставник на правно лице, направило резервација во објектот за повеќе гости, а воедно побарало да пријавителот да даде 29.000 денари на подарок за гостите кои ќе му бидат вратени по пристигнување во угостителскиот објект. Во консултација со јавен обвинител, по преземени мерки и активности, побаравме пари се испратени на претходно посочената локација во Скопје кај Л.П. од Битола, по што во соработка со полициски службеници од СВР Скопје, тае е лишена од слобода. Во мегјуврме Л.Л. на ист начин добила дополнителни 27.000 , од друг угостителски објект од Струмица, чиј сопственик нешто подоцна ја пријавил измамата. Тае во разговор со полициски службеници поајснила дека во договор со Б.А. во повеќе наврати земала пари. Истиот ден бил направен и обид за измама и во уште еден угостителски објект од Струмица. Против измамниците ќе бидат поднесена кривична пријава по член 247 од Кривичниот законик.

На 29.03.2022 во 05.15 часот на ул.„Македонска фаланга" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода И.М.(48) од Битола. Тој бил затекнат при крадење на нафта од резервоарот на ланско гревче во средно-медицинско училиште. Кај него биле пронајдени 12 туби со вкупно 260 литри нафта. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 235 од Кривичниот законик.

На 28.03.2022 во 20.55 часот на бул.„Илинден" полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(18) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана.

На 28.03.2022 во 07.30 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром"-Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода О.Х.Х.(29) од Турција, затоа што при контрола во одговарата патна торба биле пронајдени и одземени еден пиштол со рамка за муниција и 60 куршуми. За настанот бил известен Јавен обвинител, а лицето било предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 29.03.2022 во 01.05 часот на ул.„Пиринска" во Ресен, полициски службеници од Полициска станица Ресен го привеле Т.М.Р.(24) од Република Албанија. При извршени проверки било констатирано дека стоката прекршок по Закон за страни, односно не ја почитувал забраната за престој во Република Северна Македонија.

На 28.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 28 прекршоци, од кои 16 во населено место и 12 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непропишо престигнување. Притоа, биле откриени 15 прекршоци и на возачите им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 1 за техничко неисправно возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некорестење сигурносен појас, 10 за користење мобилен телефон и 1 за непропишо паркирање.

На 28.03.2022 во 12.05 часот на СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Александар Македонски" со сервисна улица што ја поврзува со ул.„Петар Мануков",патничко возило удрило во С.С.(67) од Скопје, по што го напуштило местото на настанот. С.С. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 28.03.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Центар, Г.Г.(20) од Скопје пријавил дека на ул.„Козара" бил каснат од куче скитник.

На 28.03.2022 во 12.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.П.(38) од Скопје пријавил дека на бул.„Борис Трајковски" бил каснат од куче скитник.

Денеска (29.03.2022) во 12.20 часот на ул.„Михаил и Ефтихиј" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.П. (29)од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Основен Кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (29.03.2022) околу 11.30 часот на ул.„Мурат Бафтијари" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 48-годишниот тетовец Г.А.. При претрес во неговиот дом и помошни простории извршен со судска наредба, биле пронајдени 13 кеси со марихуана, со вкупна тежина од околу еден килограм и три песочни со остатоци од бела прашкаста материја. Г.А. е задржан во Полициската станица Тетово и ќе му биде изготвен поднесок по член 215 од Кривичниот законик.

Денеска (29.03.2022) во 13.45 часот на кеј „13 Ноември" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потрари при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(48) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Основен Кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 130 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против А.Г.(23) и А.Ѓ(25), двајцата од с.Рашче, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „шпетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" по член 251 и „изработка и употреба на лажна платежна картичка" по член 274 Б од Кривичниот законик. Пребројавајќи, во периодот од септември до декември 2021, додека бил вработен во правно лице во Скопје, на работно место продавач, искористувајќи поволна прилика, со својот мобилен телефон ги фотографирал идентификационите податоци од платежните картички заедно со пин кодот од картичките на купувачите, кои му ги давале за плаќање на купената стока. На тој начин успеал да собере податоци на 17 граѓани и потоа, заедно со второпризнаениот ги искористе во неколку наврати за плаќање на комунални сметки и нарачки на производи. По преземени мерки било утврдено дека пријавените се спотрели на делата. Со судска наредба биле извршени претреси во нивните домови во с.Рашче и биле пронајдени докази за извршување на кривичните дела.

Денеска (29.03.2022) околу 14.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 40-годишниот Ф.К. од с.Џепчиште, тетовско, затоа што во дворот од неговата семејна куќа, во која се судска наредба е извршен претрес, пронајдени се околу 80 грама кокаин и две дигитални ваги.Ф.К. е задржан во полициската станица и по документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", кривично дело казнило по член 215 од Кривичниот законик.

На 28.03.2022 во 11.45 часот во Полициското одделение Петровец, вработен во АРСМ-Касарна „Страшо Пинџур"-Петровец, пријавил дека околу 12.00 часот во товарно возило „даф", кое влегло во државата и касарната од Република Грција, во салонот со алат биле пронајдени 4 лица мигранти од Гана. Мигрантите биле спроведени во Транзитен центар Табановце за понатамошна постапка. Увид извршиле екипи на Полициското одделение Петровец и Регионалниот центар за гранични работи Север и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против В.Ш.(39) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување" и против Б.И.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање". Пребројавајќи, на 06.12.2021 склучил договор со правно лице за изнајмување на патничко возило „опел астра". Бидејќи имал потреба од парични средства возилото му го понудил на Б.И., го ставил под залог и зел 2.500 евра. Второпризнаениот, иако знаел дека возилото е на туѓин субјект, го прикривал возилото. На тој начин пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 860.000 денари.

На 29.03.2022 во 03.00 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Ф.(36) од Скопје пријавил дека на 28.03.2022 околу 21.30 часот во хотел на подрачјето на Бит Пазар бил нападнат со тврд предмет од С.М.(41) од Скопје. Во врска со настанот, на 28.03.2022 во 22.30 часот, М.Е.(20) од Скопје пријавила дека околу 21.30 часот со А.Ф.(36) отишла во хотел на подрачјето на Бит Пазар, но кога сакала да си замине, настанала расправија помеѓу нив и А.Ф. не ѝ дозволил и да заклучил. Според пријавеното, таа со скршила стаклото и се јавила на С.М.(41), кој дошол и физички го нападнал А.Ф.. По целосно документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 28.03.2022 во 09.42 часот во СВР Скопје Христијан Тодоровски Карпош" настанал пожар во патничко возило во движење „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.А.(41) од с.Синџелиќ, скопско. Од возилото на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 28.03.2022, полициски службеници од ЕВР Карпош на бул. „Партизански одреди" го лишиле од слобода И.П.(29) од Скопје затоа што се самозадоволувал на јавно место. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.15 часот во Полициската станица Карпош, П.П.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Париска" била каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.Т.(26) и Д.А.(28), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 05.01.2022, пријавените физички го нападнале Х.А. на неговото работно место во угостителски објект и му нанеле повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.К.(55) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на недвижности". Во периодот од 2021 до 28.02.2022 во Свети Николе, на место викано „Ауз", пријавеното узурпирал земјоделско земјиште со површина од 2.986 м² и 124 м², сопственост на С.С. од Скопје.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против правно лице од Охрид и Б.Р.(59) од с.Куратица, охридско, вработен во правното лице како возач, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна на лиценца". На 02.03.2022 кај с.Подмоље, на старот пат Охрид–Струга, при контрола бил затекнат пријавениот како управува автобус, сопственост на правното лице, односно како врши превоз на патници без лиценца за превоз на патници.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против правно лице од Охрид и Б.Ј.(35) од с.Куратица, охридско, вработен во правното лице како возач, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна на лиценца". На 04.03.2022 на ул.„15 Корпус", при контрола, бил затекнат пријавениот како управува автобус, сопственост на правното лице, односно како врши превоз на патници без лиценца за превоз на патници.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против правно лице од Охрид и И.Б.(61) од с.Мислешево, струшко, вработен во правното лице како возач, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без соодветна на лиценца". На 08.03.2022 на ул.„Гоце Делчев", при контрола, пријавениот бил затекнат како управува автобус, сопственост на правното лице, односно како врши превоз на патници без лиценца за превоз на патници со конкретното возило.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против М.Х.(33) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на недвижности" и „Бесправно градење". Во атар на територијата Центар Жупа, на место викано „Манастирец", на парцела во државна сопственост, пријавениот узурпирал земјиште со вкупна површина 235,62 м², на која изградил објект од тврда градба без одобрение за градба, со што се стекнал со противправна имотна корист во износ од 466.527 денари на штета на Буџетот на Република Северна Македонија.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против С.Д.(34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 27.02.2022 на Граничниот премин „Кафасан" пријавениот приложил фалсификуван ПЦР тест.

На 28.03.2022 во 10.05 часот во СВР Скопје, 82-годишна жена од Скопје пријавила дека едно лице, со употреба на сила и одзело пари и предмети во нејзиниот стан на подрачје на Аеродром. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против С.И.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 27.02.2022 на Граничниот премин „Кафасан" пријавениот приложил фалсификуван ПЦР.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против Д.Н.(48) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 27.02.2022 на Граничниот премин „Кафасан" пријавениот приложил фалсификуван ПЦР тест.

Сајт уред и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет